6. Водовите по правило не треба да се поставуваат покрај оџак. Доколку ова не може да се избегне, на местата каде мине или се вкрстува со оџакот да се заштити од топлината со употреба на азбестна лента.
7. Кога изолираните проводници или кабли се поставуваат по ѕид паралелно со други инсталации (пареа, топла или ладна вода, гас), растојанието помеѓу изолираните проводници и другите цевки на инсталациите треба да изнесува најмалку 5cm. При вкрстување растојанието помеѓу каблите и цевките треба да биде најмалку 3cm.
8. Инсталациите на телефонските и другите телекомуникациски уреди (сигнални, сигурносни и позивни уреди, антени за радио и телевизија) со своите делови мора да бидат потполно одвоени од енергетската електрична инсталација.
9. Паралелно водење на енергетските водови со телекомуникациски проводници:
   - енергетските водови да се постават 30cm под таванот
   - телефонските водови да се постават 20cm над енергетските
   - сигналните проводници да се постават 10cm над енергетските водови
10. Вкрстувањето на енергетските водови со телекомуникационите водови треба да се избегнува. Кога мора да има вкрстување, тогаш се изведува под прав агол и меѓусебно растојание од 10mm, или пак да се постави изолационен вметок со дебелина од 3mm.
11. Деловите на електричната инсталација треба да се постават над подот и тоа:
    - инсталационите прекинувачи да се постават на висина од 1,5m, а покрај врата секогаш да се постават на страната од кај бравата.
    - приклучувачите (штековите) да се постават спрема условите и потребите во просториите, но сепак најмалата висина да биде 0,3m.
    - развододните и спратните табли во ходниците да бидат во затворени ормани со брава, и тоа долната ивица на најмалку 1,7m од подот.

А.4.
ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕВИДЕНТ 0634
Б.4.
ЛЈУБОМИР ПЕТРОВИЌ
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0709
ГЕО ИНГ

Осигурувачите треба секогаш да се приклучи фазниот проводник.

12. Осигурувачите се поставуваат на сите делови каде се смалува пресекот на проводникот, освен ако осигурувачот одговара на помал пресек, а е ставен на проводник со поголем пресек.
13. Осигурувањето на проводникот од преоптоварување се врши:
    - со поставување на осигурувач на секој фазен проводник
    - нулата никако не смее да се поставува на осигурувач
    - проводникот за заземјување никако не смее да се постави на осигурувач
    - во инсталационите прекинувачи секогаш треба да се водат фазните проводници.
14. Заштита од превисок напон на допир се изведува:
    - со нуловање само за мрежи кои се за тоа оспособени
    - заедничко заземување да се изведува само ако отпорот на заземувачот има отпор помал од 2Ω.
    - заштитен прекинувач - кога не можат да се добијат потребните вредности на отпорот на заземјувачот

Електрична инсталација со изолирани проводници поставена на ѕид

1. За видливо поставување на изолирани проводници и кабли доаѓаат само проводниците и каблите од типот P/J, PP, GG, PP/U, G/A, GM/A. Изборот се врши према специфичноста на просторијата, и тоа: намена на просторијата, намена на инсталацијата, место на монтажа, естетски изглед и др.
2. Каблите се поставуваат на специјални одбојници на растојание 0,3 m до 0,4 m.
3. Изолираните проводници во суви простории се поставуваат на меѓусебно растојание од 2 cm, а растојанието од челични делови или челични цевки да биде најмалку 1 cm.
4. Сите видови на инсталациони електроенергетски кабли во суви простории може да се поставуваат непосредно на ѕид или на конструкции.
5. Инсталационите енергетски кабли обложени со слој од пластична маса може да се употребуваат и во влажни простории непосредно на ѕид или челични конструкции.
6. Ако водот поминува низ ѕид кој дели влажна и сува просторија, водот мора да завршува во сувата просторија.
7. Како повратни проводници не е дозволено да се користи земја, метални арматури, метални цевки, како и арматури на инсталациони енергетски кабли.

А.4.
ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕВИДЕНТ 0634

Б.4.
ПЕТРОВИЌ
ТЕХНИКА
0709
ГЕО ИНГ

3. ТЕХНИЧКИ ОПИС

Со овој проект се предвидува изработка на електрична инсталација и електрично освететление на доградбата на детската градинка на ГП бр.2.28 блок 2 Делчево. При изработка на овој проект користени се архитектонско-градежни основи, проектната задача и постоечките важечки прописи и стандарди за ваков тип на објекти.

Напојувањето на деловниот објект е изведено според условите зададени од ЕВН Македонија - КЕЦ Делчево.

Главниот разводен ормар во кој е сместено трофазното мерно електрично броило (ГРТ) е поставо според условите дадени од ЕВН Македонија - КЕЦ Делчево. Во посебен дел на мерниот орман се поставени топливи осигурувачи како главни осигурувачи за секој извод.

Доводот од ГРТ до РТ на доградениот дел да се изведе со кабел од типот NYY-J 5x10mm^2. РТ разводната табла да е од PVC за монтажа во ѕид и во неа ќе бидат поставени автоматски осигурувачи.

Напојните водови за трофазните приклучувачи (штекови) да бидат со проводници од типот NYM-J 5x2,5mm^{2}re, напојните водови за еднофазните приклучувачи (штекови) да бидат со проводници од типот NYM-J 3x2,5mm^2 re, а за осветлувањето да се користат проводници од типот NYM-J 3x1,5mm^2 re.

Телефонската инстлација, телевизиска инсталација и инсталацијата компјутерско мрежно поврзување да се изведе во зависност од изборот на давателот на тие услуги.

НАПОМЕНА: За секоја измена на електричната инсталација и електричното осветление треба да се добие согласност од проектантот.

4. ИЗБОР НА ПРЕСЕК НА ПРОВОДНИЦИТЕ

Избор и пресметка на напојните водови											
напоен вод од	P_{ins} (kW)инсталирана снага	едновременост кекоефициент на	снага Pe (kW)едновремена	cosφфактор на снага	оптоварување I (A)струја на	фактор кредукционен	кабелот Ik (A)струја на	избран кабел	водот mm^{2}пресек на	на кабелот L (m)должина	на понон u (%)пад на
ГРТ до РТ	40,025	0,5	20,013	0,8	38,05	1	38,05	NYY-J 5x10mm^2	10	20	0,48

ДРАГИ НИКОЛОВ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА РЕВИДЕНТ 0634 А.4.

ЉУБОМИР ПЕТРОВИЧ ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0709 Б.4.

Друштво за геодетски работи ГЕО ИНГ

5. ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ИЗВЕДБА НА КЛАСИЧНА ГРОМОБРАНСКА ИНСТАЛАЦИЈА

1. Громобранот треба да биде таков да при атмосферско празнење не дојде до прескок на искрата, а со тоа ги загрози луѓето и предметите што се наоѓаат во непосредна близина.
2. Громобранската инсталација треба да биде отпорна на механички и хемиски влијанија. За отстранување на штетните појави од корозија треба да се употреби поцинкуван материјал. Надземните водови по правило треба да се од полн материјал, а подземните обавезно да се од полн материјал.
3. Фаќалките на кровните конструкции да се постават на 15 cm од покривот, а на бетонските рамни покриви може да се поставуваат непосредно.
4. Прифатните водови на косите водови да се водат по рабовите на покривите што се протегаат до олуците.
5. Прифатните водови на рамните покриви каде е предвидено одење мораат да се заштитат од механичко оштетување.
6. Одводните водови да се постават така да овозможат најкуса врска со заземјувачот, и тоа по можност вертикално без промена на правецот.
7. Одводните водови треба да се водат подалеку од прозорци и врати, електрични инсталации и метални маси на објектот, што не се поврзани со громобранската инсталација
8. Ако зградата е поширока од 20 m, потребни се најмалку 4 одвода. Ако зградата е подолга од 20 m, треба за секои започнати 20 m да се додаде уште по еден одвод од двете страни ако зградата е поширока од 12 m, односно само од едната страна и тоа наизменично ако зградата е широка до 12 m. Ако зградата е поширока од 20m, за секој започнати 20 m ширина треба да се додаде по еден одвод.
9. Како одводни водови можат да послужат покрај специјално поставените водови, метални маси на објектот што создаваат добро проводна целина.
10. Металните делови на зградата треба да се поврзат за прифатните водови или одводите во правец кон долу, а по потреба и хоризонтално.
10. Места на кои се прицврстуваат држачи за кровната конструкција треба да се добро изработени и затворени за да се спречи протекување на вода низ покривот.
11. Сите проводници на покривот треба да се поставени така да се помалку изложени на оштетувањепри поправка покривот, лизгање на снег и друго.
12. Таму каде што се одводните проводници изложени на механичко оштетување, треба да се заштитат со железен "Л" профил, или по должина пресечена цевка.
13. На секој одвод на висина 1,70 m да се постави кутија за мерен спој.
14. Споевите треба да се изведени така да претставуваат солидна галванска врска и мораат да издржат десет пати поголема тежина од тежината на водот. Споевите треба да се прават на лесно пристапни места.
15. Споевите да се вршат со заварување, или со приклучоци долги најмалку 5 cm. Водовите од лентата да се спојат на должина од 10 cm преклопно, со најмалку две завртки.
16. Сите составни делови мораат да бидат од ист материјал.
17. Длабочината на полагање на заземјувачот не смее да биде помала од 0,5 m, но се препорачува да изнесува 0,8 m.
18. Плочите на заземјувачот треба да бидат од бакар или од ист материјал како и прифатните водови. Минималната дебелина на плочата не смее да изнесува помалку од 2 mm за бакар, односно 3 mm за поцинковани плочи, површината на бакар да биде најмалку 0,5 m^2, а за поцинкована плоча 1 m^2. Цевките заземјувачи да се долги 4 m.

А.4.
ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕГИДЕНТ 0634
Б.4.
ГЕО ИНГ
0709

19. Полагање на заземјувачот да се предвиди на длабочина од излегување на влажен слој од земја.
20. Растојанието на заземјувачот од подземните електрични водови може да изнесува најмалку 3 m, а вкрстувањето да биде под прав агол. Ако тоа не е можно, тогаш заземјувачите се изолираат со заштитна цевка од непроводлив материјал.
21. Ако овие или некои други прописи тоа не го забрануваат, треба заземјувачот на громобранот да се поврзе со сите метални маси во земја кои се оддалечени помалку од 3 m, а по можност и до 20 m.
22. Како заземјувач во земја може да служат и метални конструкции, а во одредени случаи и армирано бетонски темели на зградите.
23. По изведувањето на громобранската инсталација да се изврши проверка дали отпорот на заземјувањето одговара на прописите, т.е. да е помало од 10 Ω.
24. За секое отстапување од овие услови, планови и пресметки треба да се бара согласност од надзорниот орган или проектантот. По завршувањето, инсталацијата треба комисиски да се прими, да се измери отпорноста и од горе наведеното да се состави записник.

6. ТЕХНИЧКИ ОПИС НА ГРОМОБРАНСКАТА ИНСТАЛАЦИЈА

Со овој проект се предвидува изработка на класична громобранска инсталација за стамбениот објект за индивидуално домување на ул. "Мишко Михајловски" број 57 - општина Кисела Вода.

Целокупната громобранска инсталација е работена во согласност со техничките прописи за громобрани и МКС Н.Б4.901-950.

Громобранската инсталација на покривот на објектот ќе се изведе со челично-поцинкована лента FeZn 20x3 mm. Челично-поцинкованата лента по косината на кровот се носи на кровни носачи на лента МКС Н.Б4.925 кои се поставени на секој 1,0 m должина по косината, а по слемето и подолжните страни на покривот лентата ќе се носи на кровни носачи на лента МКС Н.Б4.923 кои се поставени на секој 1,5 m. Кровните носачи на лента задолжително да се поставуваат на испакнатиот ребрест дел од лимот на покривот.

Споевите на лента со лента и продолжувањето на челично-поцинкованата лента ќе биде изведена со елемент за спојување тип МКС Н.Б4.936.

При премин во вертикалниот одвод потребно е челично-поцинкованата лента FeZn 30x4 mm да се спои со олукот со стегалка за олук тип МКС Н.Б4.908.

Вертикалните водови се изведени од челично-поцинкована лента FeZn 30x4mm. Одводите се поставуваат испод покривот и фасадата на објектот.

На висина 1,70 m од земјата на вертикалните одоводи се поставуваат мерни споеви со мерна кутија тип МКС Н.Б4.912 и мерен разделен спој МКС Н.Б4.932.

Од мерниот спој до заземјувањето, ако има видлив дел, поцинкованата лента се заштитува со елементи за механичка заштита.

Сите одводи при влез во земја треба да бидат заштитени од корозија, односно премачкани со врел битомен за да се заштитат од корозија.

Заземјувањето на громобранската инсталација да биде изведено како темелно заземјување. Челично-поцинкованата лента FeZn 30x4 mm се вкопува подолжно до темелот директно во земја и може да биде прицврстена или споена со арматурата на темелот. Споевите на лента со лента и продолжувањето на челично-поцинкованата лента во темел ќе биде изведена со елемент за вкрстување тип МКС Н.Б4.936

ДРАГИ НИКОЛОВ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА РЕВИДЕНТ 0634
ЉУБОМИР ПЕТРОВ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0709

залиен со врел битомен. Од спојот на темелното заземјување се извлекува уште еден вертикален извод во висина на површината на земјата. Ако при мерење на отпорот на темелното зазејување од громобранската заштита се добијат резултати поголеми од 10 Ω потребно е да се изврши поставување на допонителна челично-поцинкована лента (или челично-поцинковани сонди поставени во триаголен распоред) која преку резервниот извод се поврзува со челично-поцинкована лента од темелното зазејување за да се добие отпор на заземјувањето помал од 10 Ω.

Пресметка на отпорот на заземјување за громобранската инсталација

При пресметка на отпорот на заземувањето ќе го земеме предвид само отпорот на распростирањето.

Поради специфичноста на теренот и условите за работа, како заземјувач за громобранската инсталација ќе употребиме површински заземјувач, изведен со поцинкувана челична лента Fe-Zn 30x4 mm.

Специфичниот отпор на земјиштето според составот на земјиштето се претпоставува дека изнесува 100 Ω/m.

Отпорот на распростирање на површински заземјувач може да се пресмета според формулата:

$$R = \frac{\rho}{2*\pi*l}\ln\frac{l^2}{H*d} = \frac{100}{2*3{,}14*95}*\ln\frac{95^2}{0{,}8*0{,}0012} = 2{,}7\Omega$$

- ρ - специфичен отпор и изнесува 100Ω;
- R - отпор на распростирање;
- l - должина на заземјувачот;
- d - површина на заземјувачот во метри
- H - длабочина на закопување заземјувачот во m.

Од пресметката се гледа дека пресметаниот отпор е во дозволените граници.

Заштитно заземјување

Во објектот треба да се направи заштитно заземјување на кое ќе се приклучи целата електрична инсталација. Заштитното заземјување на објектот ќе се изведе со спојување на заземјувањето со кое ЕВН Македонија го поврзува мерниот ормар МО од која се напојува објектот. Спојувањето е со челично - поцинкована лента FeZn 30x4 mm која во објектот се спојува со кабел NYY 1x10 mm² кој се приклучува на шината за заземјување во ГРТ во објектот.

ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
А.4. РЕВИДЕНТ 0634

ЉУБОМИР ПЕТРОВИК
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
Б.4. ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0709

ГЕО ИНГ

ПРЕДМЕР-ПРЕСМЕТКА –доградба на детска градинска

Бр.	Тип на работи (опис)	Ед. мерка	Количина	Единечна цена МКД	Износ МКД
М	**ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА**				
1.	Набавка, испорака и монтажа на разводна табла од ПВЦ материјал за монтажа на ѕид со можност за сместување на: - Еднополни автоматски осигурачи ST68 25A – 25 парчиња - Еднополни автоматски осигурачи ST68 16A – 5 парчиња	бр	1	10 400	10 400.00
2.	Набавка, транспорт и инсталација на PPY проводници и положување на истите во ѕид под малтер и делумно во пластично гибливо црево јувидур во под				
	- PPY 2x1.5mm2	м1	150.00	50	7 500.00
	- PPY 3x1.5mm2	м1	250.00	70	17 500.00
	- PPY 5x1.5mm2 - лиснаст	м1	500.00	100	50 000.00
	- PPY 3x2.5mm2	м1	380.00	90	34 200.00
	- PPY 5x2.5mm2	м1	60.00	120	7 200.00
	- PPY 5x6mm2	м1	30.00	290	8 700.00
3.	Набавка, транспорт и монтажа на прекинувачи 10A замонтажа во ѕид:				
	- обични	бр	21	120	2 520.00
	- сериски	бр	4	130	520.00
	- наизменични	бр	6	130	780.00
4.	Набавка, транспорт и монтажа на шуко приклучници за монтажа во ѕид 16A:				
	- монофазни	бр	27	145	3 915.00
5.	Набавка, транспорт и монтажа на права арматура со млечно бела опал кугла плафоњерка со соодветна сијалица со влакно од 75W тип LP F250 за мотажа на плафон.	бр	47	1050	49 350.00
6.	Набавка, транспорт наматеријал и изработка на ормар за изедначување на потенцијали од двапати декапиран лим за вградување во ѕид. Во ормарот да биде вградена бакарна шина со димензии (300x30x5) мм, поставена на нисконапонски потпорни изолатори.	бр	1	2 920	2 920.00
7	Набавка, транспорт на кабел PP-Y и вградување на истиот по ѕид и плафон на бакелитни одстојни обујмици (комплет со помошен материјал за спојување на металните делови во санитарните јазли), како и поврзување во ОГ разводни кутии и водење до прмарот со еднопотенцијална шина.				
	- PP-Y 1x4мм2	м1	45	50	2 250.00
	- PP-Y 1x6мм2	м1	50	80	4000.00
	- PP-Y1x16мм2	м1	40	190	7 600.00
8.	Набавка, транспорт и монтажа на панични светилки LP16 со акумулатор за сопствено напојување со млечно бела опална капа со натпис ИЗЛЕЗ и со	бр	8	2 070	16 560.00

ДРАГИМИР НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕВИДЕНТ 0634
А.4.

ЉУБОМИР ПЕТРОВИЌ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0709
5.А.

ГЕО ИНГ

	сијалица од 16W				
9.	Набавка испорака и монтажа на поцинкована трака Фе Зн 30х4 мм 100 м, во темелот на објектот со заварување на секој метар во долна зона на арматурата на темелот за изработка на темелен заземјувач за громобранско и заштитно заземјување и врска од заземјувачот до ГРТ со едножилен кабел РР001х25мм2, врска до мерна приклучна кутија во се спремно за работа со мерење на отпорот на распростирање на заземјувачот и изработка на атест за заземјувањето	комплет		30 000	30 000.00
10.	Полагање на тарка ФеЗн25ц4мм од темелите до мерна спојка во столбовите пред бетонирање и од мерна спојка до громобранската инсталација (прифатни водови); истата да се вари на секој метар , комплет материјал , трака со мерна кутија за во зид,со четири броја кутии за мерни спојки	комплет		16 500	16 500.00
11.	Набавка транспорт и монтажа на трака ФеЗн20х3мм за прихватни водови на кровот, со соодветни држачи и друг споен материјал за изведување на сите видови споеви со варење или специјални елементи за поврзување на сите метални елементи од кровот на прифатните водови со мерење на отпорот на сите петли од громобранската инсталација со издавање потврда за исправност на инсталацијата	комплет		30 000	30 000.00
ВКУПЕН ИЗНОС ЗА М: ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА:					298 815.00


Во процесот на градењето (изведба на електрична инсталација) можно еда се појават извесни корекции на наведените количини и суми. Цените се проектански.

Составил,
Љубомир Петровиќ

ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕВИДЕНТ 0634
А.4.

ЉУБОМИР ПЕТРОВИК
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0709
Б.4.

ГЕО ИНГ



ДОГРАДБА

1. Влез во доградба	П = 3.87 м2
2. Ходник	П = 60.55 м2
3. Гардероба	П = 6.23 м2
4. Санитарии	П = 12.47 м2
5. Помошен простор	
-перална,сушара ???	П = 12 м2
6. Гардероба-претпростор	П = 6.52 м2
7. Санитарии	П = 13.2 м2
8. Занимална	П = 54 .6м2
9. Занимална	П = 56.13 м2
10. Гардероба	П = 6.52 м2
11. Санитарии	П = 12.48 м2
12. Занимална	П = 55.65 м2
13. Гардероба	П = 6.34 м2
14. Санитарии	П = 12.68 м2
15. Занимална	П = 56.13м2
16. Гардероба	П = 6.34 м2
17. Санитарии	П = 12.68 м2
18. Кон простории од постоечки објект	

1.простории од постоечки објект
2.двор

Орманче за автоматика на парно греење
доаѓа напојување 220/230
прекинувач А - осигурувач
трансформатор на 24 В
доаѓаат 5 линии од собни термо регулатори
излегуваат 41 линија до секоја РТ
(колку круга толку кабли)
две линии треба да одат во котларата
кабелот е 5 x 1.5 мм2 лисnаст

ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕВИДЕНТ 0634
А.4.

ГЕО ИНГ


име на проект: Реконструкција на постојечки кров и доградба на бањска градинка КО Делчево, КП 1552/2	фаза: ЕЛЕКТРИКА
инвеститор: ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО	содржина: ОСНОВЕН ПРОЕКТ
одговорен проектант: дипл.ел.инж. ЉУБОМИР ПЕТРОВИЌ	цртеж: ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ
одговорен проектант:	размер: 1:100
соработници:	шифрички број: 628-12
	датум: 10.2012

од ГРТ

Nym-J 5x10.0 mm²

РТ


$P_{инст.}$=40 025W
$K_{един.}$=0.5
$P_{един.}$=20 013W



ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
РЕВИДЕНТ 0634

ГЕО ИНГ

вие ви проект: *Реконструкција на постојечки кров и доградби на детски градинки КО Делчево,*	фаза: *ЕЛЕКТРИКА*
инвеститор: *ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО*	дополнува: *ОСНОВЕН ПРОЕКТ*
одговорен проектант: *ЉУБОМИР ... дипл.инж.*	врска: ЕДНОПОЛНА ШЕМА
одговорен проектант:	лист: / размер: 1:100
одговорен раководител:	технички број: 628-12 / датум: 10.2012




ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
А.4. РЕВИДЕНТ 0634

ГЕО ИНГ

ИМЕ НА ПРОЕКТ: Реконструкција на постојечки кров и доградба на дел од објект Градинка КО Делчево, КП1532/2	фаза: ЕЛЕКТРИКА
инвеститор: ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО	предмет: ОСНОВЕН ПРОЕКТ
носител на проектот: дп ЉУБОМИР ПЕТРОВИЌ	прилог: ОСНОВА НА ТЕМЕЛИ
одговорен проектант: дп ЉУБОМИР ПЕТРОВИЌ	лист: / размер: 1:100
соработник:	деловоден број: 628-12 / датум: 10.2012

Б.4. 0709



ДРАГИ НИКОЛОВ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
А.4. РЕВИДЕНТ 0634

ГЕО ИНГ

Име на проект: Реконструкција на постојечки кров и доградба на дел од објект КО Делчево, КП 1552/2	фаза: ЕЛЕКТРИКА
инвеститор: ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО	бодирање: ОСНОВЕН ПРОЕКТ
одговорен проектант: дин. ЉУБОМИР ПЕТРОВИЌ	прилог: ПЕТТА ФАСАДА
одговорен проектант: дин. ЉУБОМИР ПЕТРОВИЌ	мерка: 1:100
соработници:	шифра на проект: 628-12 / датум: 10.2012

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ЕЛАБОРАТ ЗА:

ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

Локација: ул „С Марковик „ к.п. бр. 6655 .гп.бр. 2.28 к.о. Делчево

Градба: В1 Образование- Реконструкција на постоечки кров и доградба на детска градинка

Инвеститор: Општина Дел;ево

ВОВЕД

Врз основа на законот за градба на локација ул „С Марковик „ к.п. бр. 6655 .гп.бр. 2.28 к.о. Делчево во зона наменета за образование во Делчево ке биде извршена Реконструкција на постоечки кров и доградба на детска градинка.

Оваа теничка документација се однесува на сите предвидени градежно - занаетчиски работи кои ке бидат предвидени и изведени согласно условите во објектот , важечките технички прописи , Правилникот за општите мерки за заштита при работа за работни и помошни простории и простори (сл. Весник број 13/98) Упатство за содржина на проектот за заштита од пожари (сл. Весник број 15/2006) Закон за заштита и спасување (сл. Весник број 36/04;49/04;124/10;18/11). Измени и дополнување на Законот за заштита и спасување (сл. Весник број 86/08), Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наогаат уредите и инсталациите за ЗОП, друга противпожарна опрема, средствата за гасење на пожар и и противпожарните апарати, нивно одржување во исправана состојба, потребно обележување и достапност за употреба (сл. Весник број 74/06),Правилник за изборот на видовите и на количините на ПП апарати со кои треба да располагаат правните лица и граганите , како и за критериумите што треба да ги исполнат правните лица кои вршат сервис и контролно испитување на ПП апарати.(сл. Весник број 105/05), Правилник за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење пожари (сл. Весник број 31/06) и Правилник за мерките за заштита од пожари ,експлозивни и опасни материи (сл. Весник број 32/11)

За таа цел ке биде изработен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за проектираниот објект.

МИКРО И МАКРО ЛОКАЦИЈА

Објектот е сместен на **ул „С Марковик „ к.п. бр. 6655 .гп.бр. 2.28 к.о. Делчево** Улицата е од каде предвиден главниот пристап е постоечка и изведена улица. Исто така од северозападна страна предвидена е новопроектирана улица со параметри кои ги задоволуваат барањата за безбеден и брз пристап до локацијата.

Објектот е лоциран на рамен и пристапен терен и во негова близина постојат и се предвидени и други локации за објекти со слична или иста намена.

Просториите се соодветно адаптирани во функцијата на работите што треба да ги извршува.

ГЕО ИНГ

Објектот е слободен од сите страни .

Пристапот во објектот е можен од сите страни на објектот а како главни влезови ке се користат постоечките влезови а за доградбата предвиден е посебен влез од југоисточна страна.

Ова локација е добро позиционирана со доволна оддалеченост од останатите објекти.

Местоположбата на деловниот објект ја дефинира неговата припадност; кон делчевската професионална ПП единица, а од разгледуваниот објект е оддалечена околу 0.5 км., па се потребни 3-5 мин. за пристигнување на ПП возило од моментот на повикот. На релацијата од местоположбата на ПП единицата до местоположбата на разгледуваниот објект, сообраќајниците се правилно димензионирани, асвалтирани и делумно асфалтирани , предвидени за сообраќај на тешки возила, т.е. возила со осовински притисок од 8т., со радиус кој овозможува слободно завртување, без никакви препреки кои би го забавиле навременото пристигнување на ПП единицата.

ПП возилата имаат чист пристап од сите страни на објектот, со што е обезбедена непречена работа на ПП бригадата.

Конфигурацијата на теренот околу градбата е во едно ниво .

По однос на макролокација, треба да се напомене и тоа дека, бидејќи објектот, територијално припаѓа на градот Делчево, за него важат истите климатски услови како и за самата населба, т.е. континентална клима со четири годишни времиња.
Микролокација. Самиот објект доградба - е со правилна форма на габаритот.

ТЕХНИЧКИ ОПИС НА ОБЈЕКТОТ

Објектот е предвиден со соновен проект да се гради во две фази наградење реконструкција на постоечки кровен покривач и доградба на постоечкиот објект .

Предвидено е објектот – доградба да биде изграден на едно ниво 000 ,кое е за 48 см на ниво на тротоар околу објект .

Пристапот за вработени и посетители е од југоисточна страна на објектот , како новопредвиден влез а може да се користат и постоечките влезови и комуникации.

Висина од под до плафон е 325 см во занимални а 270 см во ходници и помошни простории .

Кота на венец изнесува 371 см над кота на тротоар околу објект.

Градбата е комплетно организирана единица која овозможува задоволување на современите потреби на корисниците и целосно , непречено и безбедно одвивање на процесот на работа.

Просториите кои се користат и се опфатени со овој проект, елаборат, следуваат со табеларен приказ:

приземје

Трговско друштво за геодетски работи ГЕО ИНГ ДООЕЛ Делчево
ГЕО ИНГ

Влез = 3.87 м2 , ходник = 60.55 м2,гардероба = 6.23 м2,санитарии = 12.47 м2,помошен простор = 12 м2, гардероба = 6.52 м2 ,санитарии = 13.2 м2,занимална = 54.6м2, занимална = 56.13 м2, гардероба = 6.52 м2, санитарии = 12.47 м2, занимална = 55.65 м2, гардероба = 6.34 м2, санитарии = 12.68 м2 , занимална = 56.13 м2, гардероба = 6.34 м2 санитарии = 12.68 м2

Вкупно = 394.39 м2

Градбата е комплетно организирана единица која овозможува задоволување на современите потреби на корисниците и целосно и непречено одвивање на процесот на работа на секое ниво посебно.

Постојат главени и евакуациони излези за посетителите со ширина од мин 90 см, и голем број прозорски отвори.

Ориентацијата на сите излези - отвори е кон дворното место кое е доста пространо со што се задоволуваат потребите на просторот а самите внатрешни патишта на евакуација се прикажани на графичките прилози од документацијата на овој елаборат. Просториите се соодветни и во функцијата на работите што треба да ги извршуваат.

КОНСТРУКТИВЕН ОПИС НА ОБЈЕКТОТ

Поради конфигурацијата на теренот на местото каде ќе биде лоциран објектот , ќе биде извршено планирање и расчистување на локацијата.

Темелењето ќе се изврши на темели самци и лентовидни темели поврзани со армиранобетонски контра гради со М.Б добиена со статичка пресметка.

Заради статичка стабилност предвидени се две дилатации на објектот.

Конструктивниот систем ќе биде од армирано бетонска конструкција со монта – ферт армирано – бетонска плоча . а.б. греди и столбови.

Покривот ќе биде во основа двоводен –дрвени кровни решетки и е со покривач од трапезаст пластифициран алуминиумски лим со изведена атмосверска вода со хоризонтални и вертикални олуци од пластифициран рамен лим.

Браваријата ќе биде пластика со термопан стакло.

Ѕидовите –надворешни ќе бидат термички обработени и изведени изведени од термо глинен блок во продолжен малтер со дебелина од 20 и 5см стиропор со завршен малтер. Од внатрешната страна ќе бидат малтерисани и обработени по желба на инвеститорот.

Фасадата ке биде термички изолирана систем „ ДЕМИТ" .

Подот ќе биде со материјали во зависност од намената на просторијата-епоксид,кер.плочки и ламинат а по желба на инвеститорот.

ГЕО ИНГ

Површините кои нема да бидат обработени со керамчки плочки или дру вид на подлога , ке бидат глетувани и молирани со полколор во бои во договор со Градителот.

Големината и висината на просториите, осветлувањето и друго ги задоволуваат постоечките норми во градежништвото. При изградба на објектот одбрани се материјали кои ги задоволуваат условите за стабилност на објектот.

Скелтен а.б. конструктивен систем ----------огноотпорен над 3 часа

Надворешни и внатрешни ѕидови со дебелина од 20,00см. - огноотпорен над 3 часа

Согледувајки ги овие податоци се доаѓа до заклучок дека во објектот се вградени материјали кои што се отпорни на евентуален пожар најмалку 3, 00 часа.

ПРОЦЕНА НА ПОЖАРНАТА ОПТОВАРЕНОСТ И ИЗБОР НА МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

Од горе наведеното може да се види дека при изборот на градежните материјали кои се вградени при изработка на објектот истиот ќе биде релативно добро заштитен од евентуален пожар.

суровини,готови произ. , опрема, намештај ---------- 15 000 кгр.

Од горе изнесеното пожарното оптоварување ќе изнесува :

$$П = \frac{Г \times К}{П о}$$

каде : П - пожарно оптоварување

Г - вкупна количина на запалив материјал во кгр.

К - просечна калорична вредност

По - површина на која се развива пожарот.

П=15 000 x 19 /394.39 =384 MJ / m2.

што преставува помала вредност од најголемо дозволеното пожарно оптоварување кое изнесува 723,00 MJ / m2.

Имајки ја ви предвид горе добиената пожарна оптовареност на објектот и намената на истиот се предвидуваат и предлагаат следните мерки за заштита од пожар : Објектот се наоѓа во станбено - деловна зона од населено место со средна густина од населеност и изграденост, постои лоцираност на ПП единица во Делчево - на одалеченост од околу 0.5 км.и брзина на пристигнување на истата до објектот за 3-5 мин., присутноста на повеќе изливни места и -ПП хидрант од 2" - и 2 надворешни ППХ 2" . Од сето тоа што е наведено се гледа дека не се налагаат некои посебни мерки за заштита од пожар. Имајки ги ви предвид предходно наведените карактеристики на објектот, како заштитна мерка за гасење на пожар - локација на пожар, внатре во објектот се предвидува да се набават и постават (на одбележеното место на графичките прилози 6 - ПП апарати за суво гасење на пожар во објектот и тоа S - 9.

Геодезско друштво за геодетски работи ГЕО ИНГ ГЕО ИНГ Делчево

Должноста на вработените ќе биде да се обучат за правилно користење на ПП апаратот како и навремено да се врши контрола на исправноста на ПП опремата и по потреба ново полнење на ППапаратите.

Врз основа на извршените проценки за пожарна оптовареност, евидентно е дека пожарниот сектор, имаат средно ниво на пожарно оптоварување. Како мерки, се предвидуваат средства за заштита од пожар, од типот на рачни апарати за суво гаснење (S9), чиј што број се одредува према површината што ја штити, со формулата:

$$H = \frac{П - А}{А} + 2$$ каде што е:

Н - број на апарати за суво гаснење

П - површина која се штити

А - коефициент со вредност 150

$$ДЕ3 \quad H = \frac{394 - 150}{150} + 2 = 1.7$$ (апарати S9)

Усвоени се вкупно 6 апарати за суво гаснење. Нивната разместеност е прикажана на графичките прилози од елаборатот, а висината на поставување е на 1,50м. од кота на готов под.

Неопходна мерка за заштита е обучувањето на вработените за интервенција во случај на пожар, правилно користење на S9 апаратите и соработка со ПП екипите при гаснењето на пожарот.

Како средства за водено локализирање на пожари, предвидена е и внатрешна (постоечка) водоводна мрежа, при што, со пропишан притисок и проток на вода од 6 л./сек. и правилно димензионирано растојание до секој дел од објектот.

Овде е битно да се напомене дека објектот ке биде комплетно приклучен кон градската инфраструктура, а водењето на инсталациите во самата градба треба да е правилно изведено, спрема важечките прописи и прорачуни, како не би представувале опасност при нивното користење, како за вработените, така и за посетителите, и како не би биле причина за избувнување на пожар.

УСЛОВИ ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Бидејќи главните влезни врати се со ширина од мин 90 см и, локацијата на просториите во однос на спратноста на објектот, е обезбедена непречена и ефикасна евакуација на луѓе и материјални добра при услови на евентуален пожар.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР ПРЕДИЗВИКАН ОД ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА

Електричната инсталација во објектот да биде изведена спрема важечки прописи и нормативи. Објектот е предвидено да биде приклучен на електрична мрежа со соодветен кабел до главната мерна табла каде е сместен струјомер; главните топливи

Трговско друштво за геодетски работи ГЕО ИНГ ГЕО ИНГ дооел експорт-импорт Пеќево

осигурувачи и главна склопка за исклучување на целата инсталација. Електричните осигурувачи за струјните кола се сместени во посебна разводна табла. Главната разводна табла се затвора и заклучува и треба де е прописно заземјена. Сите електрични водови кои се приклучени на оваа табла се положени под малтер и се од типот PPS према важечките прописи и се заштитени со топливи осигорувачи. Во главната разводна табла да се монтира главна склопка со која при евентуален пожар ќе се исклучи целата инсталација од електричен напон. Покрај горе наведеното во просторот треба да се постават и панични светла на одредено место како и светлечка табла со натпис " ИЗЛЕЗ " на излезот од објектот како што е означено на графичките прилози. Греењето во деловната просторија ќе биде со радијатори на електрична енергија со радијатори или климатизери. Осветлувањето на објектот е природно преку прозори и со неонски светлечки тела и светилки со вжарено влакно.

Вентилацијата ќе биде природна преку прозори и врати. Одпадоците од процесот на производството ќе се собираат во корпи а потоа ќе се носат на депонија одредена од надлежните органи.

ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКИ ПЛАН ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАР

За заштита од пожар потребна е добра организација на вработените тие треба добро да се обучени и опремени да би можеле да пристапат кон гасење или локализација на пожар. На видливо место трба да биде поставено упатство за гасење на пожар, а во колку има и телефон трба на видливо место да се постават и телефонските броеви од градската ПП единица. Работниците обавезно треба да имаат одговорност и задача во однос на мерките за ПП заштита на објектот. Да знаат да ракуваат со со ПП апарати. Да знаат како се постапува со опасни - лесно запаливи течности и материи од кои може да дојде до експлозија во случај на пожар како и гасење на машини и инсталации кои се под електричен напон.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

Урбанистички мерки - макро локација - правилно избрана локација, поврзаност со добра сообраќајница која би овозможила интервенција без никаква препрека за брзо дејствување на ПП единици, како и времето на доаѓање на против пожарни единици.

Микро локација - густина на изграденост, добро обезбеден пристап до објектот, зелени површини околу истиот се исто така битен фактор за заштита од пожар. Големо влијание за задржување и непренесување на пожарот имаат и вградените градежни материјали како за носивите така и за конструктивните елементи на објектот. Како една од мерките за заштита од пожар е и инсталацијата за сигурносно осветлување кое во случај на испаѓање на мрежниот напон ги осветлуваат правците за излез и самите излези. За заштита од превисок напон се користи систем заземјување а за заштита од краток спој на секој излез од разводната табла поставен е осигурувач, така да при кратка врска доаѓа до прегорување на осигурувачот. Заштитата од статички

Трговско друштво за геодетски работи ГЕО ИНГ ГЕО ИНГ дооел експорт-импорт Дебрешево

електрицитет е постигната со поврзување на сите метални делови од машини и опрема под електричен напон со заземјување. Греењето во објектот е со радиатори а за заштита од пожар од истите не е потребно превземање на никакви заштитни мерки. Сето тоа овде во конкретниот случај - за овој вид на простор и работа во истиот е постигнато. Во случај да дојде до пожар обучените работници треба веднаш да пристапат кон гасење локализација на пожарот со апаратите со кои располагаат. Во колку не успеат да го изгаснат - локализираат пожарот се јавува на противпожарната единица и се пристапува со гасење со хидранти и пп апрати се до доаѓањето на на ПП единица која го презема гасењето на пожарот. Уште при појавата на пожарот најпрво се исклучува електричната енергија од главната табла, се отвараат сите прозорски крила во соодветната просторија, а исто така се пристапува кон евакуација на работниците и по можност на повредените работи.

ЗАКЛУЧОК

Од сето горе изнесеното се заклучува дека објектот подлежи на среден ризик од пожар и обезбедување оптимални услови за евакуација на луѓе и материјални добра при евентуален пожар, во согласност со важечките норми и прописи. На тој начин ризикот од евентуален пожар и негово ширење на околината е сведено на минимум. Постојат сите услови за брз ефикасен и несметан пристап на ПП единица кој ќе се одвива по пристапната улица на која е лоциран објектот и отворените површини околу објеект.

НАПОМЕНА


За сите измени кои што инвеститорот ќе ги направи во текот на работењето, а не се во согласност со овој елаборат тој е должен да го извести надлежниот орган .

ДЕЛЧЕВО
2012 година

СОСТАВИЛ
дипл.инж.арх. Горан Ружински

ГОРАН РУЖИНСКИ
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0706
Б.1.

ГЕО ИНГ



ДОГРАДБА

1. Влез во доградба
2. Ходник П = 60.55 м2
3. Гардероба П = 6.23 м2
4. Санитарии П = 12.47 м2
5. Помошен простор,сушара П = 12 м2
6. ??? П = 6.52 м2
7. Гардеробарнипростор П = 13.2 м2
8. П = 54 .6м2
9. Занимална П = 56.13 м2
10. Гардероба П = 6.52 м2
11. П = 12.48 м2
12. Санитарна П = 55.65 м2
13. П = 6.34 м2
14. Гардероба П = 12.68 м2
15. Санитарна П = 56.13м2
16. П = 6.34 м2
17. Гардероба П = 12.68 м2
18. Санитарни простории од постоечки објект

ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ

1.Простории од постоечки објект
2.Влез во постое;ки објект
3.Двор
4.Оџак парно
5.Излез скривница

ПАНИЧНА СВЕТИЛКА СО СТРЕЛКА И НАТПИС ИЗЛЕЗ

ПП ХИДРАНТ - надвор

ПП ХИДРАНТ - внатре


ПП АПАРАТ

ПРАВЦИ НА ДВИЖЕЊЕ ЕВАКУАЦИЈА ВО ОБРАТЕН ПРАВЕЦ

ГОРАН РУЖИНСКИ
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0786
Б.1.

лист2

лист1


лист2
лист1